РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-69/7
27.09. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 3.10.2024

| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 02 | 3654/9 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 11 седница одржана на 10.09.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Етнологија и антропологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Етнологија и антропологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор етнолошки и антроплошки науки /во меѓународен промет академски назив: PhD in Ethnology and Anthropology.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки, 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 510 Антропологија, 610 Етнологија и етногенеза, Научно - истражувачко област: 50101 Економска антропологија, 50102 Културна антропологија, 50103 Социјална антропологија, 50104 Применета антропологија, 61000 Етногенеза, 61001 Материјална култура, 61002 Социјална култура, 61003 Духовна култура, 61004 Теорија и историја на цивилизација, 61005 Етнологија на Европа и Средниот Исток, 61006 Етнологија на Македонија, 61007 Историја на етнологија, 61008 Фолклористика, 61009 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Љупчо С. Ристески, проф.д-р Мирјана Мирчевска, проф. д-р Илина Јакимовска, проф. д-р Даворин Трпески, проф. д-р Ана Ашталковска Гајтаноска, проф. д-р Инес Црвенковска Ристеска.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02 – 181/34 од 30.01.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Етнологија и антропологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 02-3654/6 од 31.01.2024 година (наш бр. 08 - 69/1 од 31.01.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 4-та седницата одржана на 30.05.2024 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 69/6 од 20.09.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 11-та седница одржана на 10.09.2024 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски